ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Дата: 24.12.2014

# СООПШТЕНИЕ

## Во Куманово одржана 19-та работилница за едукација на пензионерите за нивните права од здравствено осигурување

Нашите осигуреници, кои имаат започнато постапка за остварување на право на пензија, ќе можат од наредната година да ги користат правата од здравственото осигурување, уште 60 дена по престанокот на работниот однос. Досега во практиката, овие осигуреници од денот на поднесувањето на барањето за остварување на право на пензија, до денот на добивање на решението со кое им се утврдува правото на пензија, имаа дисконтинуитет во користењето на здравственото осигурување, поради подолготрајната постапка која се води во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Со денесените измени, се овозможува на идниот пензионер уште 60 дена да има континуирано здравствено осигурување иако сеуште нема добиено решение за остварување на право на пензија, истакна на денешната едукативна работилница за пениознерите во Куманово, директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова

Како што нагласи таа, за пензионерите со ниски примања, ФЗОМ овозможува бесплатно болничко лекување, што претставува огромна придобивка за оваа категорија граѓани. Овој чекор на ФЗОМ е во насока на заложбите на Владата, како и на ФЗОМ во грижата и превенцијата на здравјето на сите граѓани.





Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Директорката Парнарџиева-Змејкова ги информира пензионерите дека ФЗОМ има свој истурен шалтер во Липково, така што жителите на оваа општина не мора да патуваат до Куманово за да добијат некоја од потребните услгуи на ФЗОМ. Истовремено, Парнарџиева-Змејкова информираше дека поради одличниот прием на досега одржаните едукативни работилници, како и поради големиот интерес и на барање на самите пензионери, во идната 2015 година, планирани се 30 едукативни работилници, на тема лекови и ортопедски помагала, кои ќе се одржат во Македонија.

Претседателот на Здружението на пензионери на Куманово, Спирко Николовски се заблагодари за досегашната одлична соработка, но и за посветеноста што во континуитет ја покажува ФЗОМ за прашањата кои се од интерес на пензионерите.

Своја презентација на тема права од здравствено осигурување имаше Даниела Јовчевска Ѓуровска, директор на правен сектор во ФЗОМ, а за превенција на здравјето своја презентација имаше д-р Ана Петрова, советник на директорот на ФЗОМ.

Овие едукативни работилници имаат за цел да го зголемат нивото на информираност на пензионерите за правата од здравствено осигурување, како и за превенција на своето здравје за 3-те најчести незаразни заболувања (кардиолошки, нефролошки заболувања и дијабетес).